РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-7002/2 (2022)
15-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92-та седница одржана на 11.09.2023 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-7002/1 од 15.07.2022 година, против лицето ----------------, техничко лице во политичката партија ---------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-7002/1 од 15.07.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на непознат подносител, на ден 15.07.2022 година, поднесена е пријава за лицето ---------------, техничко лице во политичката партија ------------- и оформен е предмет број 12-7002/1 од 15.07.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека посоченото лице кое било техничко лице во политичката партија ------------------- немал организирано ниту пак спроведено избори за претседател и органи и тела на политичката партија иако имал обврска за тоа. Имено мандатот на ова лице кога ја извршувало функцијата претседател изминал пред подолго од 10 години а тој сеуште се претставувал како претседател, како и тоа дека од основањето на партијата досега немал поднесено ниту еден едногодишен или четиригодишен финансиски извештај до општинските организации.

Со ова како што е наведено во пријавата било извршено прекршување на одредени законски одредби како и прекршување на Статутот на политичката партија според кој организирањето на внатрешни избори било обврска која требала да се извршува на секои четири години, после секоја пререгистрација.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р К.З.
Одобрил: м-р Г.Т, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**